МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE

Давид Бафети • Рада Петрова-Малкиќ

# ИСТОРИЈАТА ДЕНЕС



David Baffetti • Rada Petrova-Malkić

# HISTORY TODAY

СКОПЈЕ, ЈУНИ, 1994 • SKOPJE, JUNE, 1994

*Давид Бафети*
*Рада Петрова-Малкиќ*
*Историјата денес*

*David Baffetti*
*Rada Petrova-Malkiќ*
*History Today*

*Музеј на град Скопје,*
*Скопје, јуни 1994*

*Museum of the City of Skopje,*
*Skopje, June 1994*

*Издава*
***Музеј на град Скопје***

*Одговорен уредник*
***Климе Коробар***

*Поставка на изложбата и текст*
*во каталогот*
***Лазо Плавевски***

*Корица*
***Давид Бафети***

*Дизајн на каталогот*
***Фросина Зафировска***

*Превод на англиски јазик*
***Филип Корженски***

*Реализација на изложбата*
***Стручна служба на Музејот***
***на град Скопје***

*Музеј на град Скопје, јуни 1994*

*Published by*
***the Museum of the City of Skopje***

*Editor-in-Chief*
***Klime Korobar***

*Exhibition Concept and Text of Catalogue*
***Lazo Plavevski***

*Cover*
***David Baffetti***

*Layout*
***Frosina Zafirovska***

*Translated into English by*
***Filip Korženski***

*Produced by*
***a Special Team of the Museum***
***of the City of Skopje***

*Museum of the City of Skopje, June 1994*



3



5

*Заедничкото работење на едно уметничко дело, иако е по малку невообичаено, не е реткост во практиката на уметниците од разни епохи, а во дваесетиот век одредени уметнички правци во некои свои сегменти го поставуваат тоа како програмска задача.*

*На оваа изложба, по чиј повод е и напишан овој воведен текст, невообичаено е тоа што две личности, Рада Петрова-Малкиќ и Давид Бафети, веќе сосема оформени и заокружени во својот авторски циклус, во една игра на животни судбини се здружуваат во заедничка работа на повеќе слики, ѕидни декорации, проекти и тоа со еден ентузијазам, елан и темпо на работа што е, ако се има во предвид нивното доба, вистинска реткост и елемент кој на оваа изложба и дава една особена димензија.*

*Давид Бафети чиј живот и творештво во еден голем дел се врзани за Италија, не е непознат на нашата ликовна публика. Дали поради значењето на некои процеси во ликовниот живот на нашата земја во кој тој учествувал или поради звучноста на неговото име и презиме, ретко може да се наиде на некој историчар на уметноста во чија меморија не е забележана оваа личност, како член на групата "Денес". Поради неговото отсуство од нашата средина (во Македонија работи од 1944 до 1955) податоците за него (каталог "Денес 1953 — 83", Уметничка галерија, Скопје, 1983) се релативно сиромашни. За жал, од ред причини, во оваа прилика не можеме да дадеме некоја појасна хронологија на неговите учества на повеке групни изложби. Но, само на кратко, да се потсетиме на значењето на групата "Денес" и на неговото учество во неа.*

*Во септември 1953 година петмина сликари (Протуѓер, Лазески, Белогаски, Лозаноски и Бафети), тројца архитекти (Брезовски, Шеќерински, Константинов) и скулпторот Грабуловски на иницијатива на веќе споменатите Протуѓер и Лазески ја формираат групата "Денес" чии програмски определби ги објавуваат во седмичниот додаток на "Нова Македонија" — "Разгледи". Тие се формулирани во седум точки: Организирање на изложби со современа ликовна концепција; борба против застарените ликовни сфаќања и создавање современ вкус и ликовна публика; поврзување со други групи слични во својата определба; потесна соработка со архитекти со современи естетски сфаќања; расчистување на актуелни ликовни проблеми во групата; прифаќање на современи ликовни уметници кои не се членови на ДЛУМ (Бафети на пример) и создавање на еден круг културни работници и уметници за соработка и расчистување на современи уметнички проблеми. Бафети ќе учествува и на двете изложби на оваа група (1953 и 1954). После бурните полемики помеѓу Протуѓер и Лазески од една страна и Киро Хаџи Василев од друга и после двете споменати изложби активноста на оваа група полека ќе спласнува, а Бафети набргу и ќе ја напушти Македонија. Но иницијалните тенденции на групата трајно ќе ги следат повеќето од нејзините членови. Бафети е еден од нив. На идејата за синтеза на уметностите, оваа особеност на уметноста од педесеттите години во Македонија, тој константно ќе и служи работејќи ги своите проекти за внатрешно уредување. Одредени забелешки за специфичностите на овој автор, изречени од ликовната критика од тоа време, можат да се прифатат и за неговите најнови остварувања.*

*Истакнувајќи дека еден цртеж на Бафети од втората изложба на "Денес" е меѓу најдобрите на изложбата, Лазар Личеноски (во "Разгледи", бр. 7, 1954) продолжува: "Бафети е анегдотичен раскажувач во неговите цртежи,што ние не го сметаме за грев, ниту за наративност во лоша смисла ". За истата изложба пишува и Здравко Блажиќ ("Современост", бр.4,1954): "... Бафети и овој пат со своите цртежи ни докажува дека неговиот талент може и треба да биде користен за целите на декоративната уметност. Како типичен "декоративец" тој особено ни се експонира на цртежите "Во чест на Бени Гудмен" и "Во чест на Исадора Данкан", каде што фигурите се цртани во "стилот" на модерните ревии кои, иако се одделуваат од останатото, не се без квалитети. На оваа втора слика ќе се почуствува уште и извесна сценографска концепција во решавањето на површините". Анегдотичност, декоративност и сценографска концепција. Можеби малку преформулирани, овие три особености од 1954 можат да се прифатат и денес, за неговите најнови дела.*

*Со последните две одредници од наведената триада блиско е и дејствувањето на вториот уметник на оваа изложба — Рада Петрова-Малкиќ.*

*Инцидентно, во раните педесетти години, таа како млад асистент соработува во некои проекти на Бафети. Во првата половина на споменатата деценија Петрова-Малкиќ учествува во еден многу интересен проект поврзан со институцијата во која се одржува оваа изложба — Музејот на град Скопје. Во овој период, под водство на Марија Малахова, за документарните потреби на етнолошкото одделение, поради недостаток на соодветна техничка опрема, се изработуваат бројни мали цртежи, вистински минијатури на етнолошки предмети. Минуциозноста на нивната изработка и племенитоста на обработениот мотив на овие мали дела им дава една неминлива убавина. Споредбата со фотографиите со иста намена, што денес се изработуваат, секако и од документарна и од естетска страна, е во нивна корист.Тие во себе, на извесен начин, го носат добриот дух на педесеттите години.*

*Во секој случај, учествувајќи во изработката на овие минијатури за картоните на Музејот на град Скопје, Петрова-Малкиќ доаѓа до блиска средба со мотивите од народното творештво која трајно ќе ја следи во нејзините работи на костимографиите, сценографиите и таписериите.*




7

*Иако здружувањето на Бафети и Петрова-Малкиќ на една заедничка работа во почетокот на овој текст го опишав како "игра на животни судбини" во уметничките делувања и на двајцата автори постои определена константа на афинитети чија сличност може да се забележи во нивните творештва. Пред се и двајцата во најголем дел од својот живот работат во рамките на применетата уметност. Низ целиот овој период, директно или индиректно, пократко или подолго време, тие се во близок контакт со етнолошки мотиви односно со извесен афинитет кон декоративноста и декорирањето што своите поттици ги наоѓа во изминатите времиња на неотуѓениот однос на човекот кон сопственото делување. Сликите и проектите кои тие заеднички ги работат од 1990 (на изложбата тоа се дела од 1992 — 94) поседуваат една "Клеовска мрежа" од квадрати и правоаголници (елемент присутен уште во раните дела на Бафети) во која знаковно се реализирани низа позадински елементи. Во преден план (ако оваа локација овде воопшто може да се употреби, бидејќи сликите во основа се дводимензионални, така што ова одредување треба да се сфати во една наративна димензија) најчесто е некоја фигура или предмет кој е центар на интересот на авторите, скоро секогаш работен во поинаква пластична логика од споменатата мрежа.*

*Главна особеност на сите заеднички дела е нивната наративност, која Личеноски би ја нарекол анегдотичност. Во секој случај една опсесивна тенденција кон расприкажаност. Изложените заеднички слики се создавани во еден многу бурен, нестабилен, напнат и крвав период во просториите на поранешна Југославија. Дел од него се наоѓа и на нивните слики. Тоа се најчесто симболички и алегориски претстави за случувања кои во изминатиот период ги опседнуваа насловните страници на весниците и свеста на нивните читатели.*

*Во извесна смисла, оваа изложба можеме да ја разбереме како ликовна реакција на личности чиј светоглед е формиран или оформен во педесетите години на случувањата од деведесеттите.*

*Лазо Плавевски*



27

*Joint work on a work of art, although a little unusual, is not rare in the artistic practice of various periods, while in the 20th century some artistic trends have sometimes put it forward as a programmatic task.*

*This exhibition, on the occasion of which this introductory note has been written, is unusual in that two persons — Rada Petrova-Malkić and David Baffetti — two fully developed and established artists, through the play of fate, have come to work jointly on a number of paintings, wall decorations and projects with enthusiasm, vigour and tempo of work rarely seen in people of their age, which gives this exhibition a special quality.*

*David Baffetti, whose life and creative work have been largely connected with Italy, is not unknown to the Macedonian public. Either because of the significance of the processes in the artistic life of this country in which he took part or because of his Italian name, there is hardly an art historian who is not familiar with the name of this artist, a member of the 'Denes' (Today) group. Owing to his long absence from this country (he worked in Macedonia from 1944 to 1955), data concerning him ('Denes 1953-83' catalogue, Art Gallery, Skopje) are rather scanty. Unfortunately, for a number of reasons, we are not able to offer here a more detailed chronology of his participation in many group exhibitions.*

*Let us therefore briefly remind ourselves of the significance of the 'Denes' group and his participation in it. In September 1953, five painters (Protuǵer, Lazeski, Belogaski, Lozanoski and Baffetti), three architects*

*(Brezovski, Šekerinski and Konstantinov) and the sculptor Grabulovski, on the initiative of Protuǵer and Lazeski established the 'Denes' group, the programmatic standpoints of which they published in Nova Makedonija's weekly supplement 'Razgledi'. They formulated them in seven points: organization of exhibitions with modern artistic concepts; struggle against outdated artistic attitudes and creation of a modern taste and artistic public; contacts with other groups with similar views; closer cooperation with architects nourishing modern aesthetic views; clarification of current artistic issues within the group; acceptance of modern artists who are not members of the Macedonian Association of Artists (such as Baffetti, for example) and creation of a circle of cultural workers and artists for cooperation and clarification of current artistic issues. Baffetti took part in both exhibitions of this group (in 1953 and 1954). After the bitter polemic between Protuǵer and Lazeski on the one hand and Kiro Hadži Vasilev on the other, and after those two exhibitions, the activity of the group gradually subsided, and Baffetti soon left Macedonia. Yet most of its members maintained the initial tendencies of the group. Baffetti was one of them. He constantly supported the idea of the synthesis of art — characteristic of Macedonian art of the 1950s — by working on his projects for interior decoration. Certain remarks on the characteristic features of this artist put forward by art critics at the time may also apply to his most recent works.*

*Stressing that a drawing by Baffetti shown at the second exhibition of 'Denes' was among the best at the exhibition, Lazar Ličenoski ('Razgledi', No. 7, 1954) remarked: "Baffetti is an anecdotal storyteller in his drawings, which we consider neither a sin nor a narrativity in the negative sense of the word." Zdravko Blažiḱ ('Sovremenost', No. 4, 1954) wrote the following of the same exhibition: "Baffetti once again proves with his drawings that his talent can and should be used for the purposes of decorative art. As a typical 'decorative artist' he is at his best in the drawings 'In Honour of Benny Goodman' and 'In Honour of Isadora Duncan', where the figures are drawn in the 'style' of modern magazines which, although standing out from the rest, are not without qualities. We can even feel in the second drawing a certain set designing concept in resolving the surfaces." Anecdotalism, decorativeness and set designing concept. Perhaps slightly reformulated, these three characteristics from 1954 may be accepted today for his most recent works.*

*The activity of the second artist participating in the exhibition, Rada Petrova-Malkiḱ, is close to the last two characteristics of the aforesaid triad.*

*In the early 1950s, as a young assistant she occasionally cooperated in some of Baffetti's projects. In the first half of the 1950s, Petrova-Malkiḱ took part in an interesting project connected with the institution in which this exhibition is now held — the Museum of the City of Skopje. In this period, under the guidance of Marija Malahova, for the documentary purposes of the ethnological department, owing to the lack of appropriate equipment, a large number of small drawings were made — true miniatures of ethnological objects. The meticulousness of execution and the dignity of the motifs treated endows these works with permanent beauty. Comparing them with the photographs made today with the same purpose, they are clearly superior from both documentary and aesthetic points of view. They somehow carry on the good spirit of the fifties.*

*In any case, taking part in the work on these miniatures for the collection of the Museum of the City of Skopje, Petrova-Malkiḱ came into close contact with the motifs of folk creative art, which were permanently to accompany her work on costume designs, set designs and tapestries.*

*Although at the beginning of this text I described the association of Baffetti and Petrova-Malkiḱ as 'the play of fate', in the artistic activity of both artists there are certain constant affinities noticeable in their work. To begin with, both of them have mostly been active in the field of applied art. For most of their lives they have come, directly or indirectly, into close contact with ethnological motifs, that is with decorativeness and decoration, which draw their energy from the bygone times of the natural relationship of Man to*




29

*his own activity. The paintings and projects on which they have been working since 1990 (this exhibition presents works created from 1992 to 1994) possess a kind of Klee's 'grid' made of squares and rectangles (an element also present in Baffetti's early works) where a series of background elements are rendered as signs. The foreground (if this term can be used at all because the paintings are basically two-dimensional and thus the term should be understood in its figurative sense) most often includes a figure or object which is the central point of interest of the artists, almost always worked out using a different plastic approach from the aforesaid grid.*

*The main characteristic of all joint works is their narrativity, which Ličenoski would call anecdotalism. In any event, there is an obsessive tendency towards storytelling. The joint paintings exhibited here were created during a highly tumultuous, unstable, tense and bloody period in the territory of the former Yugoslavia. Part of this can be seen on the artists' paintings. These are most often symbolic and allegorical representations of events which have recently occupied newspapers' front pages and the consciousness of their readers.*

*To a certain extent we can understand this exhibition as an artistic reaction to events taking place in the 1990s of persons whose outlook was formed or defined in the 1950s.*

*Lazo Plavevski*

*БИОГРАФИИ*

*ДАВИД БАФЕТИ*

*е роден во Неапол (Италија) на 03.07.1916 година. Во Фиренца го завршува (1929) Средниот државен институт (уметнички) а подоцна (1931) и Уметничкиот лицеум ви Рим. Потоа се наоѓа повторно во Фиренца каде специјализира на Високиот државен институт и магистрира во 1937 здобивајќи се со звање — сликар и професор по дизајн.*

*По дипломирањето својата професионална работа воглавно ја обавува во Фиренца освен периодот 1944 — 55 кога живее и работи во Скопје. Во Македонија работи како професионален дизајнер во "АГИТПРОП" — НОФ а потоа во "ПРОБИРО" на Министерството за градежни работи, како и во "ДЕКОР БИРО" на ОЗЕХА — Загреб.*

*Член е на групата "Денес" и учествува на двете нејзини изложби во Скопје во 1953 и 1954. 1955 се враќа во Италија и ја продолжува својата кариера како слободен уметник. Учествува во проектирање и ликовно оформување на репрезентативни изложби каде се презентира италијанскиот дизајн. Повремено, на овие презентации, излага свои експонати.*

*Во периодот 1957 — 1967, преку Институтот за надворешна трговија на Италија — "ICE" (сектор за дизајн) излага во музеите на следните земји: Англија (Лондон, Ливерпул и Манчестер), Шкотска (Единбург), Данска (Копенхаген), Шведска (Стокхолм), Швајцарија (Берн), Германија (Минхен), Португалија (Лисабон), Шпанија (Барцелона), Франција (Париз).*

*1978, 1980 и 1982 како проектант и сликар учествува на Меѓународното биенале на антиквитети во Фиренца (во Палатата Строци). Како сликар, во истата Палата, учествува во 1981 на Националната сликарска манифестација "Фјорино".*

*Двапати самостојно излага во Фиренца: 1975 (Галерија Понте Векио) и 1981 (Галерија Белини) и еднаш во Рим, 1985 (Галерија Јулија)*
*Од 1990 повторно е во Скопје*

*Сликите на Давид Бафети се наоѓаат во разни приватни колекции во Франција, САД, Англија, Швајцарија, Италија и Македонија.*

*НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА*

*1941 Фиренца (Италија), Прва награда на Интернационалниот саем за проектирање на внатрешна архитектура*
*1947 Скопје, Прва награда за плакат "Борба против неписменоста во Македонија"*
*1949 Скопје, Диплома од Министерството за просвета за изведениот проект - изложбата "Пет години слободно Скопје"*
*1968 Милано (Италија), Златен медал на Интернационалниот конкурс за проектирање на модел — фотеља во материјалот "Дурочелфит"*

*РАДА ПЕТРОВА-МАЛКИЌ*

*е родена во Скопје на 16. 08. 1930 година. 1950 ја завршува Школата за применета уметност во Скопје. Во периодот 1950 — 1955 студира на Академијата за применета уметност во Загреб — отсек за текстил и театарска костимографија (професори: Б. Хегедушиќ, Ж. Хегедушиќ, Н. Костинчер — Бреговац и Д. Субашиќ). Во овој период студиски претстојува во Италија каде ги*

*посетува нејзините најзначајни театарски и оперски куќи. По дипломирањето во 1955 се вработува во Македонскиот народен театар во Скопје со звање сликар — костимограф. Во оваа куќа таа ќе работи 35 години, се до своето пензионирање.*

*Остварува низа костимографски и неколку сценографски проекти за драмски, оперски и балетски претстави за театрите во Скопје, Штип, Прилеп, Куманово, Кочани, Битола, Титов Велес, Струмица како и во Приштина, Сараево, Бања Лука, Загреб, Катовице и Братислава.*

*Во периодот 1968 — 1975 се занимава и со модни креации. Соработува со фабриките "Нонча Камишова" од Титов Велес, "Македонка" од Штип, "ОХИС" од Скопје и др. и за нив организира низа манекенски настапи и модни ревии ширум просторите на поранешна Југославија.*

*Дела од Петрова — Малкиќ се наоѓаат во музеи и приватни колекции во Македонија, Хрватска, Југославија, Германија и тн*

*НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА*

*1967 Прилеп, Награда за костимографија на Театарските игри "Војдан Чернодрински"*
*1969 Скопје, Награда на ДЛУПУМ*
*1975 Скопје, Орден на трудот со сребрен венец*
*1976 Нови Сад (С. Р. Југославија), Стериина награда за костимографија*
*1983 Прилеп, Награда за костимографија на театарските игри "Војдан Чернодрински"*
*1984 Скопје, Награда за животно дело на ДЛУПУМ*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ*

*1981 Скопје, Центар за култура и информации, "Таписерии"*
*Куманово, Уметничка галерија, "Таписерии"*
*1982 Вараждин (Р.Хрватска), Театар "Аугуст Цесарец", "Таписерии"*
*1983 Штип, Астибо, "Костимографски цртежи"*
*1985 Кавадарци, Музеј - галерија, "Таписерии"*
*Куманово, Уметничка галерија, "Костимографски цртежи"*
*1994 Скопје, Музеј на град Скопје,*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ*

*1968 Скопје, "Обликување"*
*1969 Скопје, Центар за култура и информации, "Изложба на жени уметници од СРМ"*
*1978 Скопје, Центар за култура и информации, "Жени сликари"*
*1980 Охрид, Изложбен салон на Домот на печатот, "Македонска таписерија"*
*Приштина (С.Р.Југославија), Dom omladine "Boro i Ramiz", "Tapiserija Pristina '80"*
*Скопје, Центар за култура и информации, "Жени сликари"*
*Пекинг (НР Кина), "Sovremena jugoslovenska tapiserija"*
*1981 Скопје, Центар за култура и информации, "Жени уметници"*
*1982 Рим (Италија)*
*1983 Скопје, Музеј на град Скопје, "Живот, дизајн, производство"*
*1985 Дрезден, (Германија), Музеј на применетата уметност,"Современа македонска таписерија и керамика"*
*Скопје, Музеј на современа уметност, "Современа македонска таписерија и керамика"*
*1985/86 Пиран (Словенија), Mestna galerija, "IV. Mednarodni bienale tapiserije"*
*1993 Прилеп, Ликовна галерија "М. Цепенков", ЦСЛУ '93*
*Турне (Белгија), Maison de la Culture de Tournai, "L'autre Europe"*

## ***DAVID BAFFETTI***

*He was born on July 3, 1916 in Naples, Italy. He attended the Secondary State Institute (Art), Florence (graduating in 1929) and the Art Lyceum, Rome (graduating in 1931). He then returned to Florence where he specialized at the High State Institute and received an M.A. in 1937, acquiring the title of painter and professor of design.*

*After his graduation, he worked professionally in Florence for most of the time, except for the period 1944-1955 when he lived and worked in Skopje. In Macedonia he worked as a professional designer in Agitprop-NOF and later in Probiro, part of the Ministry of Construction, as well as in Dekor Biro, part of Ozeha, Zagreb.*

*He was a member of the 'Denes' group and took part in both of its exhibitions in Skopje, in 1953 and 1954. In 1955 he returned to Italy and continued his career as an independent artist. He took part in the design and artistic arrangement of representative exhibitions where Italian design was presented. He occasionally showed his own exhibits there.*

*In the period 1957-1967, through the Institute for External Trade, ICE (Design Sector), he exhibited his works in the museums of the following countries: England (London, Liverpool and Manchester), Scotland (Edinburgh), Denmark (Copenhagen), Sweden (Stockholm), Switzerland (Bern), Germany (Munich), Portugal (Lisbon), Spain (Barcelona) and France (Paris).*

*In 1978, 1980 and 1982, as a designer and painter, he took part in the International Biennial of Antiquities, Florence (in the Strozzi Palace). As a painter, in 1981 he took part in the Fiorino National Painting Art Event, in the same Palace.*

*He had two one-man exhibitions in Florence, in 1975 (Ponte Vecchio Gallery) and in 1981 (Bellini Gallery), as well as one in Rome, in 1985 (Giulia Gallery).*

*Since 1990 he has again been living in Skopje.*

*David Baffetti's paintings can be found in various private collections in France, the United States, England, Switzerland, Italy and Macedonia.*

### *AWARDS AND ACKNOWLEDGEMENTS*

*1941* *Florence, Italy, First Prize of the International Fair of Interior Architectural Design*
*1947* *Skopje, First Prize for his poster 'Struggle against Illiteracy in Macedonia'*
*1949* *Skopje, Diploma of the Ministry of Education for his project/exhibition 'Five Years of Free Skopje'*
*1968* *Milan, Italy, Gold Medal at the International Competition for designing a model-armchair in the Durocelfit material*

## ***RADA PETROVA-MALKIĆ***

*She was born on August 16, 1930 in Skopje. In 1950 she finished her studies at the Secondary School of Applied Art, Skopje. In the period 1950-1955 she studied at the Academy of Applied Art, Zagreb, Department of Textile and Theatre Costume Design (under Professors B. Hegedušić, Ž. Hegedušić, N. Kostinčer-Bregovac and D. Subašić). In this period she went on a study trip to Italy where she visited the country's most important theatres and opera houses. After graduating in 1955 she was employed in the Macedonian National Theatre, Skopje as a painter and costume designer. She worked there for 35 years, until her retirement.*

*She carried out a large number of costume designing projects and several set designs for drama, opera and ballet performances for theatres in Skopje, Štip, Prilep, Kumanovo, Kočani, Bitola, Titov Veles and Strumica, and in Priština, Sarajevo, Banja Luka, Zagreb, Katowice and Bratislava.*

*In the period 1968-1975 she worked on fashion design. She cooperated with the following factories: 'Nonča Kamišova', Titov Veles, 'Makedonka', Štip, OHIS, Skopje, etc., organizing fashion shows for them throughout the former Yugoslavia.*

*Works by Petrova-Malkik can be found in many museums and private collections in Macedonia, Croatia, Yugoslavia, Germany and other countries.*

## AWARDS AND ACKNOWLEDGEMENTS

1967 Prilep, Prize for Costume Design at the Vojdan Černodrinski Theatre Festival
1969 Skopje, Prize by the Association of Applied Artists of Macedonia
1975 Skopje, Order of Labour with Silver Wreath
1976 Novi Sad, Yugoslavia, Sterija Award for Costume Design
1983 Prilep, Prize for Costume Design at the Vojdan Černodrinski Theatre Festival
1984 Skopje, Life Achievement Award by the Association of Applied Artists of Macedonia

## INDIVIDUAL EXHIBITIONS

1981, Skopje, Culture and Information Centre, 'Tapestries'
Kumanovo, Art Gallery, 'Tapestries'
1982 Varaždin, Croatia, August Cesarec Theatre, 'Tapestries'
1983 Štip, Astibo, 'Costume Design Drawings'
1985 Kavadarci, Museum Gallery, 'Tapestries'
Kumanovo, Art Gallery, 'Costume Design Drawings'
1994 Skopje, Museum of the City of Skopje

## GROUP EXHIBITIONS

1968 Skopje, 'Shaping'
1969 Skopje, Culture and Information Centre, 'Exhibition of Women Artists from SR Macedonia'
1978 Skopje, Culture and Information Centre, 'Women Painters'
1980 Ohrid, House of the Press Exhibition Salon, 'Macedonian Tapestry'
Priština, Yugoslavia, Boro i Ramiz Youth Club, 'Tapestry Priština '80'
Skopje, Culture and Information Centre, 'Women Painters'
Peking, China, Contemporary Yugoslav Tapestry
1981 Skopje, Culture and Information Centre, 'Women Artists'
1982 Rome, Italy
1983 Skopje, Museum of the City of Skopje, 'Life, Design, Production'
1985 Dresden, Germany, Museum of Applied Art, 'Contemporary Macedonian Tapestry and Ceramics'
Skopje, Museum of Contemporary Art, 'Contemporary Macedonian Tapestry and Ceramics'
1985/86 Piran, Slovenia, Town Gallery, IV International Biennial of Tapestry
1993 Prilep, Marko Cepenkov Art Gallery, CSLU '93
Tournai, Belgium, Maison de la Culture de Tournai, 'L'autre Europe'

***КАТАЛОГ***

***CATALOGUE***

***Заеднички дела***
***Joint Works***

1. *Комита, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *Komitadji, 1992*

2. *Во чест на Оријана Фалачи, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *In Honour of Oriana Fallaci, 1992*

3. *Зошто, 1992*
   *акрил, 70 x 100*
   *Why, 1992*

4. *Осаменост, 1992*
   *акрил, 60 x 85,5*
   *Loneliness, 1992*

5. *Чевларски алати во лет, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *Shoemaker's Tools in Flight, 1992*

6. *Црното сонце на Самоил, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *Samoil's Black Sun, 1992*

7. *Амор и Психе, 1992*
   *акрил, 70 x 100*
   *Cupid and Psyche, 1992*

8. *Портрет во чест на*
   *Јордан Грабуловски, 1992*
   *акрил, 80 x 60*
   *Portrait in Honour of Jordan Grabulovski, 1992*

9. *Пасијанс, 1992*
   *акрил и колаж, 70 x 50*
   *Solitaire, 1992*

10. *Апсурден бродолом, 1992*
    *акрил и колаж, 100 x 70*
    *Absurd Shipwreck, 1992*

11. *Серенада на месечина, 1992*
    *акрил, 70 x 50*
    *Serenade in the Moon, 1992*

12. *Скопје денес, 1992*
    *акрил, 200 x 80*
    *Skopje Today, 1992*

13. *Македонско девојче, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Macedonian Girl, 1993*

14. *Неуспешна серенада, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Unsuccessful Serenade, 1993*

15. *Фирентинско каприччо, 1993*
    *акрил, 70 x 51*
    *Florentine Capriccio, 1993*

16. *Сторија – антика, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Story – Classical Times, 1993*

17. *Голгота 1, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Golgotha 1, 1993*

18. *Голгота 2, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *Golgotha 2, 1993*

19. *Во песната на Оливер Драгоевиќ, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Inside Oliver Dragojević's Song, 1993*

20. *Скопски ноќен концерт, 1993*
    *акрил, 50 x 70*
    *Skopje Night Concert, 1993*

21. *Крале Марко 1, 1993*
    *акрил, 130 x 90*
    *King Marko 1, 1993*

22. *Крале Марко 2, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *King Marko 2, 1993*

23. *Да пукаме со љубов, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *Let Us Shoot with Love, 1993*

24. *Во чест на Волтера и Прилеп, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *In Honour of Voltera and Prilep, 1993*

25. *Мртва природа – ноќе, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *Still Life at Night, 1993*

26. *Крвави солзи, 1994*
    *акрил, 110 x 80*
    *Bloody Tears, 1994*

27. *Еволуција на религии, 1994*
    *акрил, 110 x 80*
    *Evolution of Religions, 1994*

28. *Ноќна пеперутка, 1994*
    *акрил, 70 x 51*
    *Moth, 1994*

29. *Лов на изгрејсонце, 1994*
*акрил и колаж, 75 x 52,5*
*Sunrise Hunt, 1994*

30. *Благовест, 1994*
*акрил, 70 x 50*
*Annunciation, 1994*

31. *Благосостојба, 1994*
*акрил, 110 x 80*
*Prosperity, 1994*

32. *Наркоманска драма, 1994*
*акрил, 80 x 55*
*Drug Addict Drama, 1994*

33. *Љубов и трагедија, 1994*
*акрил, 100 x 70*
*Love and Tragedy, 1994*

34. *Портрет – Емилија, 1994*
*акрил, 100 x 70*
*Portrait – Emilija, 1994*

35. *Икарус, 1993*
*акрил, 70 x 51*
*Icarus, 1993*

**Рада Петрова-Малкиќ**
**Rada Petrova-Malkiḱ**

*Студии*
*Studies*

1. *Цртеж за таписеријата „Етно-инспирација“, 1956*
*темпера на хартија, 29 x 21*
*Drawing for the tapestry 'Ethno-Inspiration', 1956*

2. *Цртеж за таписеријата „Тотеми“, 1970*
*темпера на хартија, 32 x 22*
*Drawing for the tapestry 'Totems', 1970*

*Таписерии*
*Tapestries*

1. *Мразулци, 1984*
*сура волна со ПВЦ-цевки, 230 x 134*
*Icicles, 1984*

2. *Циркулација, 1987*
*чиста волна со вткаена медицинска пластика, 250 x 140*
*Circulation, 1987*

**Давид Бафети**
**David Baffetti**

*Студии*
*Studies*

1. *Студија, 1957*
*туш во боја, 23 x 29*
*Study, 1957*

2. *Студија, 1957*
*туш во боја, 29 x 23*
*Study, 1957*

3. *Студија, 1970*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1970*

4. *Студија, 1968 (?)*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1968 (?)*

5. *Студија, 1970*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1970*

6. *Студија, 1968/69*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1968/69*

7. *Студија, 1966*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1966*

8. *Студија, 1966/67*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1966/67*

9. *Студија, 1966*
*молив и туш на хартија, 50 x 34,5*
*Study, 1966*

10. *Студија, 1966*
*молив и туш на хартија, 50 x 34,5*
*Study, 1966*

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Климент Охридски“, Скопје

74/75.036.85 (497.17) (060.64)

**БАФЕТИ, Давид**
Историјата денес / Давид Бафети, Рада Петрова-Малкиќ ; [текст во каталогот Лазо Плавевски ; дизајн Фросина Зафировска ; превод на англиски јазик Филип Корженски] = History Today / David Baffetti, Rada Petrova-Malkiќ ; [text of catalogue Lazo Plavevski ; layout Frosina Zafirovska ; translated into English by Filip Korženski]. – Скопје : Музеј на град Скопје = Skopje : Museum of the City of Skopje, 1994. – 16 стр. : илустр. ; 21x27 см

Текст напоредно на англ. јазик

1. ПЕТРОВА-Малкиќ, Рада 2. BAFFETTI, David. – I. МАЛКИЌ, Рада Петрова – види ПЕТРОВА-Малкиќ, Рада

На корицата:
илустрација Д. Бафети / Р. Петрова-Малкиќ

Cover:
Illustration by D. Baffetti / R. Petrova-Malkiќ

Печати:
печатница „МИЛЕ“
Тираж: 500